


*Понеделник*
***03.02.2020***



## Продадени 7 парцели на Станич и една во Опаленик

Со објавата на општина Крушево за оттуѓување на градежно земјиште на скијачките терени Станич беа откупени сите седум парцели од страна на две претпријатија. Парцелите се со големина од над 300 метри квадратни и тука ќе се градат објекти за услужни угостителски дејности.

Исто така, општина Крушево оттуѓи една парцела во индустриската зона „Опаленик“ со големина од 22 261 метри квадратни. Оваа парцела е закупена за изградба на нови погони на производство од лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта.

„Општината се развива од повеќе страни. Од една страна се нашите инвестиции во инфраструктурата со средства од државни и меѓународни фондови. Се градат патишта, резервоари за вода, канализации, градинки, се инвестира во туризмот, јавната хигиена и сл. Од друга страна, е овој дел кој припаѓа на приватниот сектор со наша поддршка. Откупени се парцели за туристички и комерцијални објекти на Станич и со тоа зимскиот и авантуристички туризам продолжува да се развива, а со продажбата на парцела во индустриската зона се отвора пат за нови работни места, производство и дополнително раздвижување на локалната економија. Општина Крушево секој ден се менува на подобро.“, изјави градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски.

Линк до објава:
http://krusevo.gov.mk/?p=10691&fbclid=IwAR3pczzQYKzxOJ3ZZWI_hwjy6IRcEedUfHQW0AL9hfsNSghmSEMzu1oETgo






***Среда***
***05.02.2020***



## По наносите на снег се чистат локалните улици и патишта

Уште од 7 часот утрото започна чистењето на улици во градот и населените места по големите наноси на снег. Службите беа на терен во текот на целиот ден, се до доцните вечерни часови.

До четврток, 6-ти февруари, беа исчистени и проодни сите поголеми улици во градот и во сите села во општина Крушево.

ОПШТИНА КРУШЕВО
БИДИ ДЕЛ ОД РЕШЕНИЕТО!
ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ

Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061

***Четврток***
***06.02.2020***



## Увид во набавениот трактор преку Германска амбасада

Заменик амбасадорот на Германија Н.Е. господин Ото Граф во посета на Крушево заедно со градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски изврши увид во резултатите од проектот за набавка на тракторот со плуг за снег и соларка. Оваа опрема беше набавена со донација на Амбасадата во висина од 50 отсто од целосната инвестиција.

Покрај увидот беше одржана и средба меѓу градоначалникот Христоски и Заменик амбасадорот Граф.

ОПШТИНА КРУШЕВО
БИДИ ДЕЛ ОД РЕШЕНИЕТО!
ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ
Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061




*Недела*
*09.02.2020*



## Ски терените исполнети со посетители од цела држава

Ски терените во текот на целиот викенд беа исполнети со посетители од цела држава. Новите врнежи од снег донесоа многу луѓе во Крушево и со тоа продолжува зимската сезона во градот.




Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061